Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-268/4
16-05-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08–268/1 од 28.03.2023 година, поднесена од [redacted] од Неготино, со адреса на живеење на [redacted] во Неготино, за сторена дискриминација врз основа на социјално потекло, во областа на социјалната сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита, од страна на Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, со седиште на ул. "23ти Октомври", број 11 во Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/20) на 16.05.2023 година, го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на социјално потекло, во областа на социјалната сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита од страна на Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија кон лицето [redacted] од Неготино.

## Образложение

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 28.03.2023 година поднесена е претставка со архивски број 08–268/1, од страна на подносителот [redacted] од Неготино, а против Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, за сторена дискриминација врз основа на социјално потекло, во областа на социјалната сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита.

Во претставката за заштита од дискриминација подносителот наведува дека со Решение број 19300258274 од 26.10.2022 година на Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија-Филијала Кавадарци, признато му е правото на старосна пензија сметано од 18.09.2022 година. Истиот наоѓа дека е дискриминиран со тоа што износот на неговата старосна пензија

не е усогласен согласно Методологијата, а во врска со покачување на септемвриските пензии во процентуален износ од 6.8%, согласно последните измени во Законот за пензиското и нвалидското осигурување кои стапиле на сила во месец март 2022 година. Лицето [redacted] наведува дека е примател на старосна пензија сметано од месец септември 2022 година и висината на износот на неговата старосна пензија не е усогласена со септемвриското покачување од 6.8%, заради што именуваниот наоѓа дека е ставен во дискриминирана положба, а во однос на другите лица, корисници на правото на старосна пензија.

Со цел правилно утврдување на фактичката состојба, со Барање за произнесување по наводи во поднесена претставка за заштита од дискриминација, заведено под број 08-268/2 од 31.03.2023 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација се обрати до Фондот на пензиското и нвалидското осигурување на Северна Македонија од каде со Известување број 10.1833/2 од 07.04.2023 година, Комисијата е известена за следното:
“Согласно член 37 став (2) од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, пензијата се усогласува на 1ви март и на 1ви септември. Во Објавата за висината на процентот за усогласување на пензиите од 1ви септември 2022 година, објавена во Службен весник на Република Северна Македонија број 206/22, од страна на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија е утврдено дека согласно член 37 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување (“Службен весник на Република Македонија”, бр. 98/12...245/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија”, бр. 180/19) и член 1 став (4) и став (5) од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување (“Службен весник на Република Северна Македонија”, бр. 275/19, 31/20, 267/20 и 67/20), како и Дописот број 32-1510/1 од 26.08.2022 година од Државниот завод за статистика за исплатената бруто-плата во Републиката, а воедно и Објавата за движење на трошоците за живот во Република Северна Македонија (“Службен весник на Република Северна Македонија”, бр. 155/22) пензиите остварени до 31.08.2022 година, од 1ви септември 2022 година се усогласуваат за 6.8%. Земено предвид наведеното пензиите се усогласуваат тековно, а под тековно усогласување се подразбира усогласувањето од сега па натаму, односно од денот на стекнување на правото па натаму. Тековното усогласување не подразбира враќање наназад, односно ретроградно дејство на усогласувањето. Од овие причини, усогласувањето од 6.8% согласно законот следува од 1ви септември, на сите корисници кои оствариле право на пензија пред 1ви септември 2022 година. Лицата кои оствариле право на пензија

сметано од и на 1ви септември 2022 година, ќе добијат усогласување на висината на износот на пензијата на 1ви март следната година, бидејќи пред 1ви септември имале статус на осигуреници, а не на корисници на пензија". Од овие причини, наведува Фондот, на поднсоителот на претставката кој заклучно со 31.08.2022 година имал статус на осигуреник, а не пензионер, не се исполнети законските услови за усогласување на износот на неговата старосна пензија со оглед да со ова право истиот се стекнал на 18.09.2022 година.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација со внимание ги разгледа наводите изнесени во претставката, како и известувањето прибавено од надлежниот Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, а воедно ја консултира и постоечката законска регулатива која ја уредува предметната област па најде дека:

Во член 5 став (1) точка 1 од Законот за пензиското и нвалидското осигурување ("Службен весник на Република Македонија", бр. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 180/19, 275/19, 31/20, 267/20 и 67/22) уредено е дека едно од правата од пензиско и нвалидско осигурување е правото на старосна пензија. Согласно член 11 став (1) точка 1 од истиот закон, осигуреници со задолжително пензиско и нвалидско осигурување се работниците во работен однос и со нив, согласно посебни закони, изедначени лица. Во член 125 став (3) од истиот закон, е уредено дека право на од пензиско и нвалидско осигурување може да оствари лице кое има својство на осигурреник согласно законот. Членот 140 од законот пак, во ставот (2) утврдува дека правото на старосна пензија се остварува по престанокот на осигурувањето.
Понатаму, согласно член 37 став (1) од Законот за пензиско и инавлидско осигурување, усогласувањето на старосната пензија се врши според движењето на индексот на трошоците на живот во висина од 50% и порастот на просечната исплатена плата на сите вработени во Република Северна Македонија во висина од 50%. Ставот (2) уредува дека пензијата се усогласува на 1ви март и на 1ви септември секоја година според процентот кој се добива како збир на порастот на индексот на трошоците на живот во претходното полугодие и процентот на порастот на просечно исплатената плата на сите вработени во Република Северна Македонија во претходното полугодие во однос на полугодието кое му претходи.

Од гореизнесеното, како и врз основа на сите приложени докази кои се однесуваат на предметот оформен по поднесената претставка, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не е сторено веројатно тврдењето на подносителот за сторена дискриминација.

Имено, согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/20) дискриминација претставува "секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лицеили група на еднаква основа со други".

Во оваа смисла, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во конкретниот случај не утврди дискриминација врз основа на социјално потекло, во областа на социјалната сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита строена кон лицето [redacted] од страна на Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија. Наведеното со оглед дека подносителот на претставката правото на старосна пензија го остварил на 18.09.2022 година, од кој момент се стекнал со стаус на корисник на пензија додека пак, усогласувањето на износот на старосната пензија од 6.8% им следува на сите корисници кои оствариле право на старосна пензија заклучно со 31.08.2022 година, а согласно законски утврдените услови. Врз основа на изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова мислење.

Скопје,
16.05.2023 година

Комисија за спречување и заштита
од дискриминација

Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:
[redacted]
- Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија
Ул. "23ти Октомври", број 11, Скопје